# ДОГОВОР

## за производство и откуп на земјоделски производи за преработка

Склучен во _____________на ден_______20____год. помеѓу:

1. Име на компанија, седиште, жиро сметка, матичен број, застапувано од Име и презиме, во понатамошен текст откупувач, и
2. Име и презиме, адреса, ЕМБР, трансакциска сметка и име на банката, во поматамошен текст производител.

**Член 1**

Предмет на овој договор е производство и откуп на земјоделски производи за преработка во 20____год.

**Член 2**

Производителот се обврзува да ги произведе следниве земјоделски производи:

| Реден број и производ | Сорта | Класа[1] | Количина (во кг.) | Цена (денари за кг.) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| Вкупно: | | | | |

Земјоделските производи кои се предмет на овој договор ќе се произведат:

Производот под реден број 1 од горенаведената табела ќе се произведе на површина од _______ ха на К.П.___________

Производот под реден број 2 од горенаведената табела ќе се произведе на површина од _______ ха на К.П.___________

Производот под реден број 3 од горенаведената табела ќе се произведе на површина од _______ ха на К.П.___________

[1] Опис на класите и квалитетот на проиводите е опишан во Анкес 1 на овој договор. Описот на класите и бараниот квалитет е усогласен со прирачникот за квалитет на МАП.

**Член 3**

Производителот се обврзува да организира навремено предавање на:

| Реден број на производот | Период на предавање | | кг дневно |
|---|---|---|---|
| | од | до | |
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |

**Член 4**

Преработувачот се обврзува на производителот да му исплати 20% од вредноста на предадените производи во рок од 20 дена од денот на откуп и рок на исплата на остаток од вредноста не подолг од 180 дена од денот на откуп, согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

**Член 5**

Откупувачот се обврзува авансно да му исплати парични средства или пак репро материјали на производителот, во висина од ______% од вредноста на склучениот договор.

**Член 6**

Производителот ќе му одговара на преработувачот за штетата заради непредадените, а договорени количини на производот (производите) наведени во член 2 во износ од 50% од вредноста на производот (производите) со законска затезна камата.

Производителот нема да одговара за штетата од овој член доколку не ги предал договорените количини на производот (производите) поради виша сила.

Претрпената штета ќе ја утврди комисија составена од ____ члена и тоа: ___ од страна на преработувачот и ___ член(ови) од страна на производителот. Оваа комисија ќе ги решава и сите останати прашања што ќе настанат при производството и откупот на производот (производите), а во смисла на тоа дали производителот совесно и стручно го организира производството, дали ја предал договорената количина на преработувачот и сл.

**Член 7**

Производителот има право да бара надоместок на штета доколку преработувачот не ги прифати во договорениот рок договорените количини на производот (производите) наведени во член 2 и тоа во износ од 50% од вредноста на производот (производите) со законска затезна камата.

Преработувачот нема да одговара за предвидената штета доколку не ја откупи договорената количина на производот (производите), во договорениот

рок , поради виша сила и објективни причини кои ќе ги утврди комисијата од член 6.

**Член 8**

Преработувачот има право да одбие прием на на производот (производите), кои не одговараат на класата или договорениот квалитет, како и ако се отстапува од договорениот рок или од сортата кои се наведени во член 2 и член 3 од овој договор.

**Член 9**

Овој договор е со важност од денот на склучување до ____________.

**Член 10**

Сите спорни прашања договорените страни ќе ги решаваат спогодбено или со анекс договори. Доколку пак спогодбата не се постигне, за евентуален спор надлежен е Основниот суд ____________.

**Член 11**

Договорените страни се согласни со содржината на овој договор и истиот е составен во 5 еднакви примероци од кои по 2 за откупувачот, 2 за производителот, и 1 за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија кој треба да се достави во рок не подолг од 8 дена од денот на склучување на договорот.

Откупувач　　　　　　　　　　　　　　　　Производител

__________________　　　　　　　　　　__________________